# ЗАШТИТА НА ЛИЧНИ ПОДАТОЦИ
# ОСВРТ НА НОВИОТ ЗАКОН
# ЗА ЗАШТИТА НА ЛИЧНИТЕ ПОДАТОЦИ

ВОВЕД

На 24 август 2021 година започнува примената на новиот Закон за заштита на личните податоци (во натамошниот текст: новиот ЗЗЛП).

Новиот ЗЗЛП е објавен во „Службен весник на РСМ“, бр. 42/20 од 16.02.2020 година, и влезен во сила на 24.02.2020 година, 18 месеци пред примената. Рокот од 18 месеци е преоден период кон примената на новиот ЗЗЛП во кој контролорите и обработувачите на личните податоци треба да преземат соодветни активности од аналитичка природа и преку соодветни правни, технички и организациони мерки да извршат усогласување на работењето со барањата од одредбите на овој закон. Рокот за усогласување истекува на 24.08.2021 година.

Со денот на влегување во сила на новиот ЗЗЛП престана да важи Законот за заштита на личните податоци („Службен весник на РМ“, бр. 7/05, 103/08, 124/10, 135/11, 43/14, 153/15, 99/16 и 64/18; во натамошниот текст: стариот ЗЗЛП).

Со цел да се обезбеди целосно имплементирање и операционализација на новиот ЗЗЛП, во истиот рок (заклучно со 24.08.2021 година) треба да бидат донесени и подзаконските акти предвидени со новиот ЗЗЛП од страна на директорот на Агенцијата за заштита на личните податоци, како и преку собраниската процедура да се спроведе усогласувањето на сите закони и другите прописи со кои се уредува собирањето, обработката, чувањето, користењето и доставувањето на лични податоци, со одребите од новиот ЗЗЛП.

Новиот ЗЗЛП целосно е усогласен со актуелната регулатива на Европската унија за заштита на личните податоци 1 и според укажувањата на стручните лица од оваа област тој е прилично сложен за толкување, не само за субјектите, контролорите и обработувачите, туку и за оние кои се подобро упатени во оваа област.

Со новиот ЗЗПЛ се воведуваат нови решенија во однос на обработката на личните податоци од кои позначајни се:

начелото на отчетност и одговорност и тоа како на ниво на контролор/обработувач така и на ниво на држава;

дополнителни обврски за контролорите, односно обработувачите за воспоставување на институтот приватност при дизајнирање на информациски системи кои обработуваат лични податоци и проценка на влијанието на предвидените процеси на обработка во однос на заштитата на личните податоци;

контролен механизам на органите за заштита на личните податоци (н.з. Агенцијата за заштита на личните податоци) за нивно консултирање во однос на предлози за било какви законски или подзаконски акти кои вклучуваат обработка на личните податоци;

нагласување на самостојно, независно и непристрасно функционирање на органите за заштита на личните податоци.

2. ПРЕДМЕТ НА ЗАКОНОТ ЗА ЗАШТИТА НА ЛИЧНИТЕ ПОДАТОЦИ

Опфатност

Со ЗЗЛП, како правна и институционална рамка за заштита на личните податоци заснована на Уставот на РСМ (членот 18 со кој се гарантираат сигурноста и тајноста на личните податоци), е опфатено уредувањето на повеќе области кои во целина даваат слика за изграден систем со кој се гарантира заштита на личните податоци и на приватноста. Попрецизно, предметот на ЗЗЛП, дефиниран во членот 1, инкорпорира уредување на:

заштитата на личните податоци и правото на приватност во врска со обработката на личните податоци, а особено начелата поврзани со обработката на личните податоци,

правата на субјектот на личните податоци,
положбата на контролорот и обработувачот,
преносот на личните податоци во други држави,
основањето, статусот и надлежностите на Агенцијата за заштита на личните податоци,
посебните операции на обработка на личните податоци,
правните средства и одговорноста при обработката на личните податоците,
супервизијата над заштита на личните податоци, како и
прекршоците и прекршочната постапка во оваа област.

Заштитата на личните податоци со ЗЗЛП се гарантира на секое физичко лице без дискриминација заснована врз неговата националност, раса, боја на кожата, верски уверувања, етничка припадност, пол, јазик, политички или други верувања, материјална положба, потекло по раѓање, образование, социјално потекло, државјанство, место или вид на престој или кои било други лични карактеристики (принцип на забрана на дискриминација - член 5).

Примена на Законот за општата управна постапка

ЗЗЛП во членот 6 предвидува супсидиерна примена на Законот за општата управна постапка во однос на постапките и комуникацијата во врска со постапките помеѓу Агенцијата и странките, која се одвива во писмена форма, усно или по електронски пат.

## 3. ДЕФИНИЦИ НА ПОИМИ

Некои поими од ЗЗЛП

Дефиниците утврдени со член 4 од ЗЗЛП, ги определевуваат во суштествена и правна смисла поимите употребени во ЗЗЛП. Некои од нив, кои има доминантна употреба во ЗЗЛП се:

„Личен податок“ е секоја информација која се однесува на идентификувано физичко лице или физичко лице кое може да се идентификува (субјект на лични податоци), а физичко лице кое може да се идентификува е лице чиј идентитет може да се утврди директно или индиректно, посебно врз основа на идентификатор како што се име и презиме, матичен број на граѓанинот, податоци за локација, идентификатор преку интернет, или врз основа на едно или повеќе обележја специфични за неговиот физички, физиолошки, генетски, ментален, економски, културен или социјален идентитет на тоа физичко лице; Личен податок е и домашната адреса, бројот на кредитната картичка, IP адреса, потрошувачки навики, отпечаток на прст, ...

„Обработка на личните податоци“ е секоја операција или збир на операции кои се извршуваат врз личните податоци, или група на лични податоци, автоматски или на друг начин, како што се: собирање, евидентирање, организирање, структурирање, чување, приспособување или промена, повлекување, консултирање, увид, употреба, откривање преку пренесување, објавување или на друг начин правење достапни, усогласување или комбинирање, ограничување, бришење или уништување;

„Збирка на лични податоци“ е структурирана група лични податоци која е достапна согласно со специфични критериуми, без оглед дали е централизирана, децентрализирана или распространета на функционална или географска основа;

„Контролор“ е физичко или правно лице, орган на државната власт, државен орган или правно лице основано од државата за вршење на јавни овластувања, агенција или друго тело, кое самостојно или заедно со други ги утврдува целите и начинот на обработка на личните податоци, а кога целите и начинот на обработка на личните податоци се утврдени со закон, со истиот закон се определуваат контролорот или посебните критериуми за негово определување; На пример, банка има третман на контролор за клиент чии лични податоци ги обработува.

„Обработувач на збирка на лични податоци“ е физичко или правно лице, орган на државната власт, државен орган или правно лице основано од државата за вршење на јавни овластувања, агенција или друго тело кое ги обработува личните податоци во име на контролорот;

„Согласност“ на субјектот на лични податоци е секоја слободно дадена, конкретна, информирана и недвосмислена изјавена волја на субјектот на личните податоци, преку изјава или јасно потврдено дејствие, а со кои се изразува согласност за обработка на неговите лични податоци;
„Посебни категории на лични податоци“ се лични податоци кои откриваат расно или етничко потекло, политички ставови, верски или филозофски убедувања или членство во синдикални организации, како и генетски податоци, биометриски податоци, податоци што се однесуваат на здравјето или податоци за сексуалниот живот или сексуалната ориентација на физичкото лице и
„Надзорно тело“ е Агенцијата за заштита на личните податоци која има статус на самостоен и независен државен орган основан согласно со ЗЗЛП (во натамошниот текст: Агенција).
Нови поими
Новиот ЗЗПЛ воведува и нови поими, како што се:
„Профилирање“ е секоја форма на автоматска обработка на лични податоци, која се состои од користење на лични податоци за оценување на одредени лични аспекти поврзани со физичкото лице, а особено за анализа или предвидување на аспекти кои се однесуваат на извршување на професионалните обврски на тоа физичко лице, неговата економска состојба, здравје, лични преференции, интереси, доверливост, однесување, локација или движење;
„Псевдонимизација“ е обработка на личните податоци на таков начин што личните податоци не можат повеќе да се поврзат со одреден субјект на лични податоци без да се користат дополнителни информации, под услов таквите дополнителни информации да се чуваат одделно и да подлежат на технички и организациски мерки со кои ќе се обезбеди дека личните податоци не се поврзани со идентификувано физичко лице или физичко лице кое може да се идентификува;
„Генетски податоци“ се лични податоци поврзани со генетските карактеристики на физичкото лице кои се наследени или стекнати, а кои откриваат единствена информација за неговата физиологија или здравје, која особено се добива со анализа на биолошки примерок од тоа физичко лице;
„Биометриски податоци“ се лични податоци кои се добиваат преку специфична техничка обработка на физичките и физиолошките карактеристики на физичкото лице или карактеристики на неговото однесување, а преку кои се овозможува или потврдува единствената идентификација на физичкото лице;
„Податоци што се однесуваат на здравјето“ се лични податоци поврзани со физичкото или менталното здравје на физичкото лице, вклучувајќи и податоци за добиената здравствена заштита кои откриваат информации за неговото здравје;
„Задолжителни корпоративни правила“ се политики за заштита на личните податоци кои се почитуваат од страна на контролорот или обработувачот основан на територијата на РС Македонија, при пренос или серија на преноси на лични податоци од РС Македонија до контролор или обработувач во една или повеќе трети земји во рамките на група на друштва (поврзани друштва) или група на правни лица кои вршат заедничка економска дејност;
„Директен маркетинг“ е секој вид на комуникација остварена на било кој начин според најновите технолошки достигнувања, а со цел испраќање на рекламна, маркетиншка или пропагандна содржина која е насочена директно до одреден субјект на личните податоци, како и обработка на лични податоци која вклучува и профилирање до оној степен до кој истото е поврзано со овој вид на комуникација. Обработката на личните податоци за цели на директниот маркетинг е дозволена само ако претходно постои изречна согласност на ваква обработка.

Опфатност на категоријата КОНТРОЛОР
Категорјата контролор, ги офаќа:
А) Правните лица од:

Приватниот сектор (трговски друштва, приватни здравствени установи и други приватни организации);
Јавниот сектор: државни органи, единици на локалната самоуправа, агенции, установи, јавни претпријатија, трговски друштва основани од државата, болници, училишта, градинки и останати правни лица основани од државата за вршење на јавни овластувања;
Непрофитен сектор: здруженија, фондации, синдикати, политички партии и други организации.
Б) Самостојни вршители на дејност: адвокати, нотари, извршители, трговци-поединци и други физички лица кои вршат дејност, но ЗЗЛП не важи за физички лица доколку собирањето и обработката на личните податоци: „се врши исклучиво заради лични активности или активности во домот“.
4. НАЧЕЛА ПОВРЗАНИ СО ОБРАБОТКАТА НА ЛИЧНИ ПОДАТОЦИ
Постојни и нови начела
Преку утврдените начела за обработка на личните податоци од членот 9, ЗЗЛП дава прецизни и јасни насоки на контролорите и обработувачите за начинот на постапување со личните податоци во постапката на обработка, со цел да се обезбеди: законитост, правичност и транспарентност, ограничување на целите, минимален обем на податоци, точност, ограничување на рокот на чување, интегритет, доверливост и отчетност.
Со ЗЗЛП како новина е утврдена обврска за контролорите и обработувачите да докажат, односно да може да покажат дека обработката на личните податоци ја вршат согласно законот и предвидените начела. Поради тоа, предвиден е иститут (начело) - accountability, односно усогласеност или отчетност.
Правни основи за законита обработка
Членот 10 од ЗЗЛП, е посебно значаен бидејќи ги дефинира правните основи со кои се гарантира законитост на обработката на личните податоци. Обработката на личните податоци е законита, само ако и до оној степен доколку е исполнет најмалку еден од следните услови:
субјектот на лични податоци дал согласност за обработка на неговите лични податоци за една или повеќе конкретни цели,
обработката е потребна за исполнување на договор каде субјектот на лични податоци е договорна страна, или за да се преземат активности на барање на субјектот на лични податоци пред неговото пристапување кон договорот,
обработката е потребна за исполнување на законска обврска на контролорот,
обработката е потребна за заштита на суштинските интереси на субјектот на лични податоци или на друго физичко лице,
обработката е потребна за извршување на работи од јавен интерес или при вршење на јавно овластување на контролорот утврдено со закон,
обработката е потребна за целите на легитимните интереси на контролорот или на трето лице, освен кога таквите интереси не преовладуваат над интересите или основните права и слободи на субјектот на лични податоци коишто бараат заштита на личните податоци, особено кога субјектот на личните податоци е дете.
Услови за согласност
Кога обработката се врши врз основа на согласност, според член 11 од ЗЗЛП контролорот е должен да демонстрира дека субјектот на личните податоци дал согласност за обработка на неговите лични податоци.
Ако согласноста на субјектот на лични податоци е дадена во форма на писмена изјава која се однесува и на други прашања, барањето за согласност мора да се презентира на начин кој јасно може да се разликува од другите прашања, во разбирлива и лесно достапна форма, користејќи јасни и едноставни средства. Секој дел од таквата изјава кој претставува повреда на одредбите од ЗЗЛП, не е обврзувачки.

Субјектот на лични податоци има право да ја повлече согласноста во секое време.

## 5. ПРАВА НА СУБЈЕКТИТЕ НА ЛИЧНИТЕ ПОДАТОЦИ

### Ново право - Право на бришење

Со членовите од 17 до 27 од ЗЗЛП уредени се правата на субјектите на личните податоци, кои се реализираат преку соодветени комуникациски модалитети во односот со контролорот, а со кои се обезбедува заштитен статус на субјектот: транспарентни информации, начин на остварување на правата, информации и пристап до личните податоци, правото на исправка и бришење на личните податоци („право да се биде заборавен“), правото на ограничена обработка, правото на приговор и автоматизирано донесување на поединечни одлуки вклучувајќи и профилирање, како и ограничувањата за остварување на овие права.

Со новиот ЗЗЛП се зајакнуваат правата на физичките лица, односно се воведуваат нови права, како што се правото да се биде заборавен (право на бришење) и правото на преносливост на податоците. Субјектот на личните податоци има право да побара од контролорот да ги избрише неговите лични податоци при што контролорот има обврска да ги избрише во рок од 30 дена од денот на поднесување на барањето за бришење, ако е исполнет еден од следните услови:

личните податоци повеќе не се потребни за целите за кои биле собрани или обработени на друг начин;

субјектот на личните податоци ја повлекува својата согласност врз која се заснова обработката на податоците, ако не постои друга законска основа за обработка;

субјектот на личните податоци поднесе приговор на обработката;

личните податоци биле незаконски обработени;

личните податоци треба да бидат избришани со цел почитување на обврска утврдена со закон која се однесува на контролорот;

личните податоци биле собрани во врска со понудата на услуги на информатичко општество.

### Право на преносливост на податоците

Субјектот на личните податоци има право да ги добие неговите лични податоци, а кои тој ги има дадено на контролорот во структуриран, вообичаено користен, машински читлив формат при што има право да ги пренесе на друг контролор без попречување од страна на контролорот на кого личните податоци се дадени, ако: а) обработката е заснована врз основа на согласност и б) обработката се врши на автоматизиран начин.

### Право на исправка

Субјектот на личните податоци има право да побара и да добие од контролорот во рок од 15 дена од денот на поднесување на барањето, исправка на неговите неточни лични податоци.

### Право на ограничување на обработката

Субјектот на личните податоци има право да побара ограничување на обработката од контролорот, ако е исполнет некој од условите од ЗЗЛП, како што е случај кога се оспорува точноста на личните податоци од субјектот на личните податоци.

При ограничена обработка, личните податоци може да се обработуваат, само со согласност на субјектот на личните податоци со исклучок на нивното чување, или за воспоставување, остварување или одбрана на неговите правни барања или за заштита на правата на друго физичко или правно лице или поради важни причини од јавен интерес.

### Право на приговор

Доколку личните податоци се обработуваат за цели на директен маркетинг, субјектот на личните податоци има право во секое време да поднесе приговор на обработката на неговите лични податоци поврзани со овој вид на маркетинг, кој вклучува и профилирање до оној степен до кој истото е поврзано со директниот маркетинг. Во таков случај, контролорот ја запира натамошната обработка на личните податоци за тие цели.

Во контекст на користењето на услугите на информатичкото општество и независно од прописите за електронските комуникации, субјектот на личните податоци може да го користи правото на приговор преку автоматски средства со користење на технички спецификации.

6. КОНТРОЛОР И ОБРАБОТУВАЧ

Информација за контролорите во врска со примената на новиот ЗЗЛП од страна на Агенцијата за заштита на личните податоци (преземено од веб страницата на Агенцијата, линк: https://dzlp.mk/mk/content/информација-за-контролорите-во-врска-со-примената-на-новиот-закон-за-заштита-на-личните-0

Во функција на усогласување со новиот ЗЗЛП контролорот ќе треба да преземе соодветни активности за подобрување, надградба и прилагодување на својот воспоставен систем за заштита на личните податоци согласно овој закон.

Во тој контекст, контролорот ќе треба да изврши длабинска анализа на постојниот воспоставен систем за заштита на личните податоци во корелација со одредбите од ЗЗЛП кои се применливи на операциите на собирање, обработка и чување на личните податоци.

При вршењето на длабинската анализа, контролорот ќе треба да направи и проценка со која ќе ги опфати особено следните прашања, и тоа:

каталошко идентификување на сите збирки на лични податоци во однос на: целите на обработка; категориите на физички лица (субјекти на личните податоци) и на категориите на личните податоци; преносот на лични податоци во други држави; предвидените рокови за чување, односно бришење на различните категории на лични податоци,

детектирање на природата, обемот, контекстот и целите на обработката на личните податоци, како и ризиците со различна веројатност и сериозност за правата и слободите на физичките лица (субјекти на личните податоци) кои произлегуваат од таа обработка,

поставеноста, улогата, правата, обврските и одговорностите на офицерот за заштита на личните податоци,

применливите технички и организациски мерки и потребата од нивно надградување и подобрување според мерките предвидени во ЗЗЛП,

документацијата за техничките и организациските мерки и нејзино усогласување според одредбите на Законот за заштита на личните податоци,

договорните норми за заштита на личните податоци со обработувачите (определување на меѓусебните права и обврски на контролорот и обработувачот), како и нивна евалуација од аспект на постојното применување на правилата за заштита на личните податоци,

воспоставениот систем за обуки за вработените во врска со заштитата на личните податоци,

поставеноста на процесите за информирање за правата на физичките лица (субјектите на личните податоци) и за начинот на нивното остварување, како што се правото на: информирање, пристап, исправка, бришење, ограничување на обработката, преносливост на податоците и приговор,

процесите на пренос на личните податоци во други држави и правната рамка врз основа на која се врши преносот,

користењето на информатичка инфраструктура и софтверски апликации и потребата од нивна надградба и прилагодување според стандардите и мерките предвидени во ЗЗЛП, а посебно од аспект на применливоста на техничка и интегрирана заштита на личните податоци (privacy by design and privacy by default),

воспоставениот систем за периодична и внатрешна контрола на операциите за обработка на личните податоци,

процесите на профилирање, како и правната и информатичката рамка за тие процеси,

поставеноста, улогата, обврските и одговорностите на раководството и вработените во постојниот систем за заштита на личните податоци и потребата од прилагодување според правилата предвидени во ЗЗЛП (начелото на отчетност).

По завршување на длабинската анализа, контролорот ќе треба да донесе и примени Акциски план со предвидени активности и мерки по приоритет, како и динамика за постигнување на соодветна усогласеност со одредбите од ЗЗЛП.

По реализирање на предвидените активности и мерки од Акцискиот план, контролорот ќе треба континуирано да го следи и проверува применувањето на усогласениот систем за заштита на личните податоци, како и да ги координира активностите и дејствијата помеѓу вработените и раководството во функција на одржување на системот. Во тие рамки, клучна улога во координирањето на вработените и раководството, комуникацијата помеѓу вработените и раководството, нивната обука, како и следењето и проверувањето на усогласеноста на системот ќе има офицерот за заштита на личните податоци според ЗЗЛП.

Обврски и одговорности

Во ЗЗЛП обврските и одговорностите на контролорите и обработувачите на збирка на личните податоци се уредени со членовите од 28 до 47.

Контролор

Контролорот, покрај актуелната обврска за усогласување со новиот ЗЗЛП, има редовна обврска да применува соодветни технички и организациски мерки за да обезбеди и да може да докаже дека обработката се врши во согласност со ЗЗЛП. Техничките и организациските мерки по потреба се преиспитуваат и се ажурираат.

Техничка и интегрирана заштита на личните податоци

(Data protection by design and by default)

Со новиот ЗЗЛП, во членот 29, се воведени и два нови институти: Техничка и интегрирана заштита на личните податоци (data protection by Design and by Default).

Техничка и интегрирана заштита на личните податоци значи дека контролорот во моментот на дефинирање на средствата за обработка, како и во моментот на самата обработка, е должен да примени соодветни технички и организациски мерки како што се:

псевдонимизација;

сведување на податоците на минимален обем (data minimization);

вклучување на потребните заштитни мерки во процесот на обработка со цел да се исполнат барањата од ЗЗЛП и да се обезбеди заштита на правата на субјектите на личните податоци;

обработка само на неопходните лични податоци за постигнување на целта поради која се обработуваат. Оваа обврска се однесува на количеството на собрани лични податоци, опсегот на нивната обработка, рокот на чување и нивната достапност. Таквите мерки особено треба да обезбедат дека личните податоци без согласност на субјектот на личните податоци не се автоматски достапни за неограничен број на физички лица.

Целта на воведување на новите институти не е само за поголема заштита на субјектите на лични податоци при вршење обработка на лични податоци од контролорите и обработувачите, туку и воведување на поголема заштита на субјектите на лични податоци од нив самите, односно при самостојно оперирање со своите лични податоци на некои платформи или продукти.

Обработувач на збирка на лични податоци

Кога обработувач не е самиот контролор, туку лице кое врши обработката во име на контролорот, контролорот е должен согласно со член 39 од ЗЗЛП да користи само обработувачи кои обезбедуваат доволна гаранција за примена на соодветни технички и организациски мерки на таков начин на кој обработката ќе се одвива во согласност со барањата од ЗЗЛП и ќе обезбедува заштита на правата на субјектот на личните податоци.

Контролорот и обработувачот склучуваат договор или друг правен акт со кој се регулира обработката. Со договорот кој е обврзувачки за обработувачот во однос на контролорот, се регулира предметот и времетраењето на обработката, природата и целта на обработката, видот

на личните податоци и категориите на субјекти на личните податоци, како и обврските и правата на контролорот. Основните елементите на договорот се уредени со член 32 став 3 од ЗЗЛП.

Напомена:

Ваков договор мора да склучат, меѓу останатите, и обврзниците за водење на сметководство - правно или физичко лице кое има обврска да води трговски/деловни книги и да составува годишна сметка и/или финансиски извештаи во согласност со закон (контролори согласно ЗЗЛП) со вршителите на сметководствени работи (надворешен субјект за вршење на сметководствени работи - трговец-поединец, односно друштво за вршење на сметководствени работи - outsourcing) како обработувач, чии услуги се користат во доменот на вршење на сметководствени работи, но често и заради обработка на податоците поврзани со платите на работниците кај контролорот, нивните сметки, пријавување и одјавување на работниците (услуги од човечки ресурси) или вршат обработка на други податоци кои имаат карактер на лични податоци.

Договорот или другиот правен акт треба да биде во писмена форма, односно во електронска форма, согласно со новиот ЗЗЛП.

Обработувачот може да ангажира друг обработувач за извршување на специфични активности за обработка во име на контролорот само со претходно посебно или генерално писмено овластување од страна на контролорот. Ангажираниот обработувач ги има истите обврски во однос на заштита на личните податоци како што се обврските предвидени во договорот или друг правен акт меѓу контролорот и обработувачот, а особено обврска за обезбедување на доволна гаранција за примена на соодветни технички и организациски мерки. Ако ангажираниот обработувач не ја исполнува својата обврска за заштита на личните податоци, првичниот обработувач останува целосно одговорен пред контролорот за исполнување на обврските на ангажираниот обработувач.

Обработувачот и секое лице кое дејствува со овластување од страна на контролорот или обработувачот, а кое што има пристап до личните податоци, не треба да ги обработува тие податоци ако не се дадени упатства од контролорот, освен ако обработката не се бара со овој или друг закон.

Евиденција на активностите за обработка

Секој контролор и неговиот овластен претставник, согласно со член 34 став 1 од ЗЗЛП, води евиденција на операциите за обработка, за кои е одговорен. Оваа евиденција, особено содржи:

називот, односно името и презимето и контакт податоци на контролорот, на овластениот претставник на контролорот и на офицерот за заштита на личните податоци;

целите на обработката;

опис на категориите на субјектите на личните податоци и на категориите на личните податоци;

категориите на корисници на кои се откриени или ќе бидат откриени личните податоци, вклучувајќи корисници во трети земји или меѓународни организации;

преносот на лични податоци во трета земја или меѓународна организација, вклучувајќи идентификација на таа трета земја или меѓународна организација,

предвидените рокови за бришење на различните категории на лични податоци и

општ опис на техничките и организациските мерки за безбедност од членот 36 став 1 од ЗЗЛП.

Исто така, секој обработувач и неговиот овластен претставник, согласно со член 34 став 2 од ЗЗЛП, води евиденција на сите категории на операции на обработка, извршени во име на контролорот, во која се содржани:

називот, односно името и презимето и контакт податоци на обработувачот или обработувачите и на секој контролор во чие име дејствува обработувачот, на овластените претставници на контролорот или обработувачот и на офицерот за заштита на личните податоци;

категориите на обработка кои што се вршат во име на секој контролор;

преносот на лични податоци во трета земја или меѓународна организација, вклучувајќи идентификација на таа трета земја или меѓународна организациј,

општ опис на техничките и организациските мерки за безбедност од членот 36 став 1 од новиот ЗЗЛП.

Евиденциите, се водат во писмена форма, односно и во електронска форма.

Контролорот или обработувачот и нивните овластени претставници, на барање на Агенцијата и обезбедуваат пристап до евиденциите.

Напомена:

Обврските за водење на наведените евиденции НЕ се применуваат на трговско друштво или организација со помалку од 50 вработени, освен ако: постои веројатност обработката која што ја вршат да претставува ризик за правата и слободите на субјектите на личните податоци, ако обработката не е повремена или обработката вклучува посебни категории на лични податоци или лични податоци поврзани со казнени осуди и казнени дела од членот 14 од новиот ЗЗЛП.

Безбедност на обработката

Според член 36 од ЗЗЛП, контролорот и обработувачот се должни да применат соодветни технички и организациски мерки за да обезбедат ниво на безбедност соодветно на ризикот, вклучувајќи, според потребата:

псевдонимизација и криптирање на личните податоци;

континуирана доверливост, интегритет, достапност и отпорност на системите и услугите за обработка;

редовно тестирање, оценување и евалуација на ефективноста на техничките и организациските мерки со цел да се гарантира безбедноста на обработката.

Една од техничките мерки, со која се гарантира безбедност и заштита на личните податоци е псевдонимизацијата и криптирање на личните податоци. Псевдонимизацијата, според дадената дефиниција од член 4 од ЗЗЛП, претставува обработка на личните податоци на таков начин што личните податоци не можат повеќе да се поврзат со одреден субјект на лични податоци без да се користат дополнителни информации, под услов таквите дополнителни информации да се чуваат одделно и да подлежат на технички и организациски мерки со кои ќе се обезбеди дека личните податоци не се поврзани со идентификувано физичко лице или физичко лице кое може да се идентификува.

Известување за нарушување на безбедноста на личните податоци

Во случај на нарушување на безбедноста на личните податоци, според член 37 од ЗЗЛП, контролорот веднаш и не подоцна од 72 часа откако дознал за истото е должен да ја извести Агенцијата за нарушувањето на безбедноста на личните податоци, освен ако не постои веројатност нарушувањето на безбедноста на личните податоци да создаде ризик за правата и слободите на физичките лица. Кога известувањето до Агенцијата не е поднесено во рок од 72 часа, заедно со известувањето треба да биде доставено и образложение за причините за доцнењето

Обработувачот е должен да го извести контролорот веднаш, откако дознал за нарушување на безбедноста на личните податоци.

Во истиот контекст, контролорот, веднаш го известува и субјектот на личните податоци за нарушувањето на безбедноста на личните податоци, ако постои веројатност да предизвика висок ризик за правата и слободите на физичките лица (член 38 од ЗЗЛП).

Проценка на влијанието на заштитата на личните податоци
и претходна консултација

Кога при користење на нови технологии за некој вид на обработка, постои веројатност истата да предизвика висок ризик за правата и слободите на физичките лица, пред да биде извршена обработката, контролорот е должен да изврши проценка на влијанието на предвидените операции на обработката во однос на заштитата на личните податоци. Една проценка може да се

однесува на серија слични операции на обработка, кои претставуваат слични високи ризици. При вршењето на проценка, контролорот е должен да побара совет од овластеното лице за заштита на личните податоци (офицер за заштита на личните податоци), ако тој е определен.

Проценката на влијанието врз заштитата на личните податоци, се бара особено во случај на:

систематска и сеопфатна оценка на личните аспекти кои се поврзани со физички лица, која се заснова на автоматска обработка, вклучувајќи и профилирање, а врз основа на која се донесуваат одлуки кои произведуваат правно дејство во врска со физичкото лице или значително влијаат на физичкото лице;

обемна обработка на посебните категории на лични податоци или на лични податоци поврзани со казнени осуди и казнени; или

систематско набљудување на јавно достапни простори во големи размери.

Агенцијата воспоставува и јавно објавува (на веб страницата) листа на видовите операции на обработка, за кои се бара проценка на влијанието врз заштитата на личните податоци.

Контролорот е должен да се консултира со Агенцијата пред обработката, ако процената на влијанието на заштитата на личните податоци покаже дека, доколку контролорот не преземе мерки за ублажување на ризикот, обработката ќе предизвика висок ризик.

Кога Агенцијата смета дека планираната обработка го прекршува ЗЗЛП, особено кога контролорот не го идентификувал или намалил ризикот во доволна мера, во рок не подолг од 60 дена од денот на приемот на барањето за консултација, му дава мислење во писмена форма на контролорот или на обработувачот, при што може да користи и кое било од своите овластувања од ЗЗЛП. Овој рок може да биде продолжен за дополнителни 40 дена, во зависност од комплексноста на планираната обработка.

7. ОФИЦЕР ЗА ЗАШТИТА НА ЛИЧНИТЕ ПОДАТОЦИ

Определување на овластено лице за заштита на личните податоци

Статусот, услови за назначување, положбата и работите од надлежноста на офицерот за заштита на личните податоци се уредени со членовите 41, 42 и 43 од ЗЗЛП.

Новиот ЗЗЛП му дава повеќе права и обврски на офицерот за заштита на личните податоци и со тоа дополнително ја зајакнува неговата улога во процесот на обработка на личните податоци.

Контролорот и обработувачот се должни да определат овластено лице за заштита на личните податоци - офицер за заштита на личните податоци (во натамошниот текст: офицер) во секој случај кога:

обработката се врши од страна на орган на државна власт, освен за судовите кога постапуваат во рамките на нивните надлежности, а кои ќе определат офицер за друга обработка на личните податоци која се врши согласно со закон;

основните активности на контролорот или обработувачот се состојат од операции за обработка, кои поради својата природа, опсег и/или цели, бараат во голема мера редовно и систематско следење на субјектите на лични податоци (Пример: Обезбедување на услуги од областа на електронските комуникации: профилирање, следење на локација преку мобилни апликации, следење на фитнес и здравствени податоци преку мобилни апликации и др.) 2 или

основните активности на контролорот или обработувачот се состојат од обемна обработка на посебни категории на лични податоци или лични податоци поврзани со казнени осуди и казнени дела.

Напомена:

Освен наведените три категории на контролори и обработувачи на лични податоци кои имаат законска обврска за назначување на офицер, останатите субјекти на доброволна основа одлучуваат за назначувањето. Ова е новина во однос на стариот ЗЗЛП со кој од обврската за назначување офицер беа исклучени само контролорите чија збирка на лични податоци се однесува за најмногу до десет вработени кај контролорот, или обработката на лични податоци се

однесува на членови на здруженија основани за политички, филозовски, верски или синдикални цели.

Препорака во однос на субјектите кои немаат законска обрска за определување на офицер, е секој контролор / обработувач да направи внатрешна анализа на релевантните фактори и критериуми со цел да се утврди дали треба да назначи офицер. За контролорот/обработувачот кој назначил офицер на доброволна основа, важат истите обврски како и за останатите контролори кои имаат законска обврска да назначат офицер (Препорака од Прирачникот за офицерите за заштита на личните податоци, од 2017 година).

Како новина со ЗЗЛП се воведува можност група на правни лица може да определат еден офицер, под услов офицерот да биде лесно достапен за секое правно лице во рамки на групата, Агенцијата и субјектите на лични податоци (член 41 став 2).

Новина, исто така, предвидена со ЗЗЛП е и офицерот да се определи врз основа на неговите стручни квалификаци, стручни знаења за леислативата и практиките од областа на заштитата на личните податоци (член 41 став 5).

За офицер може да се определи лице, кое:

ги исполнува условите за вработување определени со ЗЗЛП и со друг закон,

активно го користи македонскиот јазик,

во моментот на определувањето со правосилна судска пресуда не му е изречена казна или прекршочна санкција забрана за вршење на професија, дејност или должност,

има завршено високо образование и

има стекнати знаења и вештини по однос на практиките и прописите за заштита на личните податоци, согласно со одредбите од ЗЗЛП.

Офицерот може да биде вработен кај контролорот или обработувачот (како и според стариот ЗЗЛП), со тоа што со новиот ЗЗЛП е дадена и можност офицерот да ги извршува работите врз основа на договор за услуги (член 41 став 6).

Контролорот или обработувачот јавно ги објавува контакт податоците за офицерот и ја известува Агенцијата. На овој начин се овозможува директен контакт на субјектите за заштита на личните податоци со офицерот кај контролорот / обработувачот за сите прашања поврзани со обработката на нивните лични податоци и за остварувањето на нивните права според ЗЗЛП.

Напомена:

ЗЗЛП не пропишува задолжителна обука за офицер заради сертифицирање, како потврда за експертското познавање на прописите и практиката во оваа област и како услов за назначување на оваа позиција. Но, со оглед дека е потребно офицерот да има одредено ниво на познавања од оваа област, Агенцијата организира обуки за офицери како би можело да се обезбеди овие лица да ги имаат неопходните вештини и експертиза.

Положбата на офицерот

Во однос на положбата на офицерот, ЗЗЛП во члено 42, во голема мерка го застапува принципот на независнот, преку обврската на контролорот и обработувачот:

на офицерот да му обезбедат поддршка при извршувањето на работите од неговата надлежност, неопходни ресурси, пристап до личните податоци и операциите на обработка, како и одржување на неговото стручно знаење, и

да гарантираат дека офицерот нема да добива никакви упатства од највисокото раководно ниво на контролорот или обработувачот во однос на извршувањето на неговите работи.

Офицерот не може да биде сменет или казнет од контролорот или обработувачот за извршувањето на своите работи и директно одговара пред највисокото раководно ниво на контролорот или обработувачот.

Работи што ги врши офицерот и евиденција на офицери

Офицерот, според членот 43 од ЗЗЛП, ги врши најмалку следните работи:
ги информира и советува контролорот или обработувачот и вработените кои вршат обработка соодветно на нивните обврски според одредбите од ЗЗЛП;
ја следи усогласеноста со ЗЗЛП и со други закони кои се однесуваат на заштитата на личните податоци во РС Македонија, како и со политиките на контролорот или обработувачот во однос на заштитата на личните податоци, вклучувајќи распределување на одговорности, подигнување на свеста и обучување на вработените кои што учествуваат во операциите на обработка, како и вршење на ревизии за заштита на личните податоци;
каде што е потребно, дава совети во однос на процената на влијанието на заштитата на личните податоци и
соработува со Агенцијата;
дејствува како контакт точка за Агенцијата во однос на прашањата поврзани со обработката, вклучувајќи ја претходната консултација, како и советување според потребите за сите други прашања.
Офицерот податоци може да врши и други задачи и должности, при што контролорот или обработувачот е должен да обезбеди дека таквите задачи и должности не доведуваат до судир на интереси.
Агенцијата, согласно со член 68 од ЗЗЛП, води евиденција на офицери и истата ја објавува на својата веб-страница. Евиденцијата содржи:
- назив и седиште на контролорот, односно обработувачот,
- име и презиме на офицерот за заштита на личните податоци,
- контакт податоци за офицерот за заштита на личните податоци (електронска пошта и телефонски број).

## 8. КОДЕКСИ НА ОДНЕСУВАЊЕ И СЕРТИФИКАЦИЈА

Кодекси на однесување

Согласно специфичните карактеристики на различните сектори на обработка на личните податоци и специфичните потреби на микро, малите и средните трговски друштва, а со цел да се придонесе за правилна примена на ЗЗЛП, според член 44 од ЗЗЛП, здруженијата и другите тела што ги претставуваат категориите на контролори или обработувачи можат да изработат кодекси на однесување (како и измени или дополнување на таквите кодекси) со цел да биде прецизирана примената од ЗЗЛП.
Кодексот треба детално да ги опфати и обработи сите постапки и дејствија кои ги вршат контролорите и обработувачите (и вработените лица во нив), особено за правичната и транспарентна обработка, легитимните интереси на контролорите во специфични контексти, собирањето на личните податоци, псевдонимизацијата на личните податоци, информирањето на јавноста и на субјектите на лични податоци, остварувањето на правата на субјектите на лични податоци, и друго.
Предлог кодексот се доставува до Агенцијата, која го одобрува, ако смета дека обезбедува доволно соодветни заштитни мерки, го регистрира и објавува. Агенцијата води регистар на сите одобрени кодекси на однесување, измени и дополнувања и обезбедува јавен пристап до нив на соодветен начин.

Доброволна сертификација како доказ за усогласеност

Новиот ЗЗЛП како новина воведува можност за воспоставување на сертификација за заштита на лични податоци, како би можело да се исполни обврската „accountability“, односно усогласеност или отчетност (член 46). Имено, согласно специфичните карактеристики на различните сектори на обработка на лични податоци и специфичните потреби на микро, малите и средните трговски

друштва, за да се придонесе за правилна примена на новиот ЗЗЛП, Агенцијата поттикнува воспоставување на сертификација за заштита на личните податоци, како и печати и ознаки за заштита на личните податоци со цел да се демонстрира усогласеност со новиот ЗЗЛП при операциите на обработка од страна на контролорите и обработувачите. Сертификацијата е доброволна и е јавно достапна и се врши од Агенцијата или од сертификациони тела, а врз основа на стандардите и нормативите пропишани од директорот на Агенцијата.
Сертификатот се издава на контролорот или обработувачот за период не подолг од три години и може да биде обновен под истите услови.
Агенцијата води регистар за сите механизми за сертификација, како и за сите печати и ознаки за заштита на личните податоци и обезбедува јавен пристап до нив на соодветен начин.
Напомена:
Сертификацијата како доказ за усоласеност со регулативата за заштита на лични подаци треба да придонесе кон обезбедување на поповолна положба на контролорите и обработувачите кои поседуваат сертификат за заштита на личните податоци, печат и соодветни ознаки во деловните односи со другите домашни и странски субјекти. Но, истата не ја намалува одговорноста на контролорот или обработувачот за усогласување со законот.

9. ОБУКА ЗА ЗАШТИТА НА ЛИЧНИТЕ ПОДАТОЦИ

Агенцијата подготвува и спроведува обука за вработените во контролорите, односно обработувачите, како и за офицери за заштита на личните податоци согласно со член 69 од ЗЗЛП, при што издава сертификати со важност од три години, за што води евиденција.
Распоредот на спроведување на обуките објавува на веб страницата на Агенцијата.
Трошоците за обука паѓаат на товар на контролорот, обработувачот, односно физичкото лице, а се однесуваат на покривање на реалните трошоци потребни за организирање и спроведување на обуката.

10. ОБРАБОТКА НА МАТИЧЕН БРОЈ НА ГРАЃАНИНОТ

Матичниот број на граѓанинот, согласно со член 83 од ЗЗЛП, може да се обработува само:
по претходна изречна согласност на субјектот на лични податоци,
за остварување на со закон утврдени права или обврски на субјектот на лични податоци или контролорот и
во други случаи утврдени со закон.
Системска и обемна обработка на матичниот број на граѓанинот може да се врши само по претходно добиено одобрение од страна на Агенцијата.
Контролорот или обработувачот е должен да води сметка матичниот број на граѓанинот да не биде непотребно видлив, печатен или преземен од збирка на лични податоци.

11. ВИДЕО НАДЗОР

Видео надзор е уреден со членовите од 89, до 93 од ЗЗЛП.
Контролорот кој врши видео надзор е должен да истакне известување. Известувањето мора да биде јасно, видливо и истакнато на начин што им овозможува на субјектите на лични податоци да се запознаат со вршењето на видео надзорот.
Известувањето содржи информација:
дека се врши видео надзор,
за името/називот на контролорот кој го врши видео надзорот и
за начинот на кој може да се добијат информации за тоа каде и колку време се чуваат снимките од системот за видео надзор.
Контролорот задолжително ги известува вработените за вршење на видео надзор во службени или деловни простории.
Снимките направени при вршење на видео надзор се чуваат до исполнување на целите за кои се врши, но не подолго од 30 дена, освен ако со друг закон не е предвиден подолг рок во кој се

содржани заштитни мерки и други мерки за заштита на правата и слободите на субјектите на личните податоци во согласност со одредбите од ЗЗЛП.

Контролорот може да врши видео надзор во службени или деловни простории ако тоа е потребно за:

- заштита на животот или здравјето на луѓето,
- заштита на сопственоста,
- заштита на животот и здравјето на вработените поради природата на работата или
- обезбедување на контрола над влегувањето и излегувањето од службените или деловните простории само за безбедносни цели.

Контролорот е должен да го уреди начинот на вршењето на видео надзор со посебен акт, чија содржина и форма ги пропишува директорот на Агенцијата.

Забрането е вршење на видео надзор во гардероби, соблекувални, санитарни јазли и други слични простории.

Напомена:

За вршење на видео надзор во едностанбени и повеќестанбени објекти, според член 91 од ЗЗЛП задолжително е потребна писмена изјава за согласност од најмалку 70% од вкупниот број на сопственици, станари, односно закупци на становите. Забрането е пренесување на снимките од видео надзорот преку кабелска телевизија (јавна или интерна мрежа), преку интернет или други електронски средства за пренос на податоци. Забрането е снимање на влезови на индивидуални станови на други сопственици, станари, односно закупци.

12. ПРАВНИ СРЕДСТВА И ОДГОВОРНОСТ

Право на поднесување на барање

Заштита на правата на субјектите на личните податоци утрдени со ЗЗЛП, кои се повредени во постапките на обработка, се остварува на две нивоа:

Пред Агнцијата врз основа на поднесено барање и

Пред Управниот суд и Виш управен суд, притив одлуката на Агенцијата.

Секој субјект на лични податоци има право според член 97 од ЗЗЛП да поднесе барање до Агенцијата, доколку смета дека обработката на неговите лични податоци, ги прекршува одредбите од ЗЗЛП.

За поднесеното барање Агенцијата спроведува супервизија согласно со ЗЗЛП.

Право на ефективна судска заштита против одлуките на Агенцијата

Против правно обврзувачката одлука на Агенцијата, како и во случај кога Агенцијата не постапила по барањето или не го информирала субјектот на лични податоци во рок од три месеци за исходот на постапката по поднесеното барање, субјектот има право на ефективна судска заштита (член 98 од ЗЗЛП).

Право на судска заштита против контролор или обработувач

Секој субјект на лични податоци, според членот 99 од ЗЗЛП има право на ефективна судска заштита кога смета дека се повредени неговите права утврдени со ЗЗЛП, како резултат на обработката на неговите лични податоци спротивно на ЗЗЛП.

Субјектот на лични податоци правото правото на судска заштита го остварува со поднесување на тужба до надлежниот суд.

Право на надоместок на штета и одговорност

Секое лице кое претрпело материјална или нематеријална штета како резултат на прекршување од ЗЗЛП, според членот 101 има право да добие надоместок од контролорот или обработувачот за претрпената штета.

Секој контролор кој е вклучен во обработката на лични податоци е одговорен за штетата предизвикана од таа обработка.

Обработувачот е одговорен за штетата која е предизвикана од обработката, само доколку не ги почитувал обврските од од ЗЗЛП кои се посебно наменети за обработувачите или кога дејствувал надвор од законските упатства на контролорот или во спротивност со нив.

Постапката за остварување на правото на надоместок на штета се води пред надлежен суд.

Напомена:

Според укажувањата од Агенцијата, тужба за надомест на штета поради повреда на правото на заштита на лични податоци против контролорот може да се поднесе во секое време, без разлика дали претходно е утврдена повреда на правото од страна на Агенцијата.

13. ПРЕКРШОЧНИ ОДРЕДБИ

Прекршочните одредби се систематизирани во членовите од 110, до 116 од ЗЗЛП.

Новиот ЗЗЛП, за разлика од стариот кој пропишуваше глоби во фиксни износи за определени прекршоци, или пак во определен опсег (од-до), прекршоците ги дели во две категории зависно од тежината, и има посебни прекршочни одредби за видео надзор.

За прекршоците од двете категории се утврдени глоби во процент од вкупниот годишен приход.

Прекршоци од I категорија

- полесни прекршоци, таксативно наброени во член 110 од ЗЗЛП

За овие прекшоци ќе се изрече:

а) на контролорот или обработувачот правно лице - Глоба во износ до 2% од вкупниот годишен приход (изразена во апсолутен износ) остварен во деловната година што и претходи на годината кога е сторен прекршокот или од вкупниот приход остварен за пократок период од годината што му претходи на прекршокот, доколку во таа година правното лице започнало да работи.

б) на одговорното лице во правното лице - глоба во износ од 300 до 500 евра во денарска противвредност;

в) на службено лице во органите на државната власт - глоба во износ од 100 до 500 евра во денарска противвредност;

г) на физичко лице-контролор или обработувач - глоба во износ од 100 до 250 евра во денарска противвредност.

2. Прекршоци од II категорија

- потешки прекршоци, таксативно наброени во член 111 од ЗЗЛП

За овие прекшоци ќе се изрече:

а) на контролорот или обработувачот правно лице - глоба во износ до 4% од вкупниот годишен приход (изразена во апсолутен износ) остварен во деловната година што и претходи на годината кога е сторен прекршокот или од вкупниот приход остварен за пократок период од годината што му претходи на прекршокот, доколку во таа година правното лице започнало да работи.

б) на одговорното лице во правното лице - глоба во износ од 300 до 500 евра во денарска противвредност;

в) на службено лице во органите на државната власт - глоба во износ од 100 до 500 евра во денарска противвредност;

г) на физичко лице-контролор или обработувач - глоба во износ од 100 до 250 евра во денарска противвредност.

3. Прекршоци - видео надзор - член 112 од ЗЗЛП

а) Глоба во износ од 1.000 до 10.000 евра во денарска противвредност ќе му се изрече за прекршок на правно лице - контролор, ако врши видео надзор спротивно на одредбите од ЗЗЛП.

б) Глоба во износ од 100 до 500 евра во денарска противвредност, ќе му се изрече на одговорното лице во правното лице.

в) Глоба во износ од 100 до 500 евра во денарска противвредност ќе му се изрече за прекршок на службено лице во органите на државната власт .

г) Глоба во износ од 100 до 250 евра во денарска противвредност ќе му се изрече за прекршок на физичко лице-контролор или обработува .

Во членот 113 се дадени правилата за одмерување на глобата.

Согласно со член 14 од ЗЗЛП за сите прекршоци определени во членовите 110, 111 и 112 од ЗЗЛП, прекршочна постапка води и прекршочна санкција изрекува Агенцијата (прекршочен орган).

Против одлуката на прекршочниот орган дозволено е користење на правно средство согласно со Законот за прекршоците (член 115 од ЗЗЛП).

## 14. ПОДЗАКОНСКИ АКТИ ЗА ЗАШТИТА НА ЛИЧНИТЕ ПОДАТОЦИ

Во текот на 2020 година, од страна на директорот на Агенцијата, врз основа на нивиот ЗЗЛП се донесени следните подзаконски акти:

Правилник за безбедност на обработката на личните податоци („Службен весник на РСМ“ бр. 122/20)

Правилник за содржината и формата на актот за начинот на вршење на видеонадзор („Службен весник на РСМ“ бр. 122/20)

Правилник за содржината на анализата на целта, односно целите за која се поставува видеонадзорот и извештајот од извршена периодична оценка на постигнатите резултати од системот за вршење видеонадзор („Службен весник на РСМ“ бр. 122/20)

Правилник за начинот на вршење на супервизија („Службен весник на РСМ“ бр. 122/20)

Правилник за пренос на лични податоци („Службен весник РСМ“ бр. 122/20

Правилник за обука за заштита на личните податоци („Службен весник на РСМ“ бр. 122/20)

Правилник за формата и содржината на службената легитимација и за начинот на нејзиното издавање и одземање („Службен весник на РСМ“ бр. 122/20)

Правилник за процесот на проценка на влијанието на заштитата на личните податоци („Службен весник на РСМ“ бр. 122/20)

Правилник за формата и содржината на барањето за утврдување на прекршување на одредбите од законот за заштита на личните податоци („Службен весник на РСМ“ бр. 122/20)

Правилник за начинот на известување за нарушување на безбедноста на личните податоци („Службен весник на РСМ“ бр. 122/20)

Правилник за известување за обработка на лични податоци со висок ризик („Службен весник на РСМ“ бр. 122/20)

Листа на видовите операции на обработка за кои се бара проценка на влијанието врз заштитата на личните податоци („Службен весник на РСМ“ бр. 122/20)

Листа на видовите операции на обработка за кои не се бара проценка на влијанието врз заштитата на личните податоци („Службен весник на РСМ“ бр. 122/20).

Истите може да се преземат од веб страницана на Агенција прек следниот линк:

https://dzlp.mk/mk/podzakonski_akti